# РАЗВОЈ НА ВОДСТВЕНИТЕ ВЕШТИНИ ВО ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

**Апстракт**

Водачот треба да има визија, одлучност да се заложи за таа визија и вештини за да се заврши таа визија. Еден водач треба има интегритет, сочувство и да е мотиватор за другите. Водачот мора да биде ефикасен комуникатор, мотиватор и да има план за да се постигне целта. Водачите за да се стекнат со искуство за водство и изложеност, потребно е да учествуваат во програмите за развој од каде што се учат водствени вештини кои се спроведуваат во високообразовните организации.

Токму затоа посебен акцент во овој труд е ставен на интердисциплинарното проучување на условите и можностите за влијание на високообразовните организациите врз развојот на водствените вештини, како и врз развојот на индивидуата – студентите како идни академски граѓани.

Со идентична важност е проучена динамиката на менаџерскоит тим во високообразовните организации како фактор кој значајно влијае врз развојот на водствените вештини кај студентите. Проучен е и типот на личноста кај студентите кој е во тесна корелација со развојот на стилот на водство во високообразовните организации.

Суштинските прашања кои се поставуваат во врска со обезбедувањето на услови во високообразовните организации за развој на водствените вештини се: Дали и колку целокупниот амбиент создава ситуации во кои студентите имаат шанса да се обидат како водачи? Дали има обезбедено минимум услови при секое учење на водството и при развој на водствените вештини? Со поставувањето на овие прашања произлезе и целта на овој труд да се испита кои се причините (факторите) за влијанието на организациската средина во високообразовните установи врз развојот на водствените вештини на студентите како индивидуи кои се формираат.

**Клучни зборови:** водач, водствени вештини, развој, менаџмент, високообразовни организации.

# DEVELOPMENT OF LEADERSHIP SKILLS AT HIGHSCHOOL ORGANIZATIONS

**Abstract**

The leader should have vision, determination to commit to that vision and skills to complete that vision. A leader must have integrity, compassion and a motivator for others. The leader must be an effective communicator, motivator and has a plan to achieve the goal. For leaders to gain leadership experience and exposure, it's needed that they participate in development programs where they learn leadership skills implemented in higher education organizations.

Therefore, special emphasis in this paper is placed on the interdisciplinary study of the conditions and opportunities for university institutions organizations to influence the development of leadership skills and the development of the individual - students as future academics.

What is studied with identical importance is the management dynamic team in university institutions as a factor that significantly affects the development of leadership skills among students. We studied the type of personality among the students which is closely correlated with the development of the style of leadership in university institutions.

The substantive issues that arise in connection with the provision of conditions in university institutions to develop leadership skills are: Whether and how the overall environment creates situations in which students have the opportunity to try out as leaders? Are there minimum requirements provided in each learning of leadership development skills? By setting these issues, the purpose of this thesis is to examine the reasons (factors) which impact the organizational environment in university institutions on the development of leadership skills among students that form as indivduals.

**Keywords**: leader, leadership skills, development, management, university institutions